**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” - БИТОЛА**

# К О Н К У Р С

**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ**
**НА ТРЕТ ЦИКЛУС – ДОКТОРСКИ СТУДИИ НА**
**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА**
**ВО АКАДЕМСКАТА 2024/2025 ГОДИНА**

Битола, 2024 година

Врз основа на член 103 точка 2, во врска со членовите 127 и 149, точка 1 од Законот за високото образование, член 5 од Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола и врз основа на Одлуките на Ректорската управа на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола бр. 14-230/6 од 27.02.2024 година и бр.14-816/20 од 12.07.2024 година и Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за давање согласност на Конкурсите за запишување на студии од трет циклус на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола и Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во академската 2024/2025 година, бр.41-4977/15 од 02.07.2024 година, („Службен весник на РСМ“ бр.140 од 05.07.2024 година), Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола објавува:

# К О Н К У Р С
## за запишување студенти на трет циклус – докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола во академската 2024/2025 година

## I. БРОЈ НА СТУДЕНТИ

На студиските програми од трет циклус – докторски студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, во академската 2024/2025 година, може да се запишат следниов број студенти:

| **Универзитет „Св. Климент Охридски“ Битола Единици/Студиски програми (тригодишни – шест семестри)** | **број на студенти** | **Износ на школарина за шест семесртри (во евра)** | **Износ на школарина за шест семестри (во евра)за странски студенти** |
|---|---|---|---|
| | | | |
| **ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ – БИТОЛА** | **9** | **4500** | **6000** |
| Сообраќајно-транспортно инженерство | 3 | 4500 | 6000 |
| Машинство | 3 | 4500 | 6000 |
| Индустриско инженерство и менаџмент | 3 | 4500 | 6000 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ – БИТОЛА** | **30** | **4500** | **6000** |
| Информатички науки и компјутерско инженерство* | 15 | 4500 | 6000 |
| ИТ менаџмент | 15 | 4500 | 6000 |
| **ТЕХНОЛОШКО – ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ – ВЕЛЕС** | **6** | **4500** | **5500** |
| Иновативни технологии за храна и нутриционизам | 6 | 4500 | 5500 |
| | | | |
| **ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ – ПРИЛЕП** | **13** | **4500** | **6000** |
| Финансии* | 2 | 4500 | 6000 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Маркетинг | 3 | 4500 | 6000 |
| Менаџмент | 3 | 4500 | 6000 |
| Меѓународен бизнис* | 2 | 4500 | 6000 |
| Бизнис информатика* | 3 | 4500 | 6000 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО – ОХРИД** | **30** | **4600** | **6500** |
| Туризам* | 15 | 4600 | 6500 |
| Менаџмент во услужен сектор* | 15 | 4600 | 6500 |
| **ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ – БИТОЛА** | **12** | **4500** | **6000** |
| Образовни науки | 8 | 4500 | 6000 |
| Надареност и талентираност | 1 | 4500 | 6000 |
| Настава по јазик | 1 | 4500 | 6000 |
| Менаџмент во образование | 2 | 4500 | 6000 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ** | **20** | **5000** | **6000** |
| Безбедност | 20 | 5000 | 6000 |
| **ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ – КИЧЕВО** | **16** | **5800** | **7000** |
| Меѓународно право и меѓународна политика* | 7 | 5800 | 7000 |
| Казнено право и кривична правда | 4 | 5800 | 7000 |
| Административно право и администрација | 5 | 5800 | 7000 |
| | | | |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ – БИТОЛА** | **20** | **5000** | **6000** |
| Технологија и безбедност на прехранбени производи | 20 | 5000 | 6000 |
| **НАУЧЕН ИНСТИТУТ ЗА ТУТУН – ПРИЛЕП** | **3** | **3500** | **4000** |
| Технологија на производство и обработка на тутун и производи од тутун* | 3 | 3500 | 4000 |
| **ВКУПНО** | **159** | | |

* Во постапка на акредитација/реакредитација.

## II. Услови и критериуми за конкурирање и запишување

Право за запишување на докторски студии имаат:

- Кандидати кои завршиле соодветни академски студии од втор циклус, односно постдипломски студии, имаат остварено минимум 300 европски кредити од првиот и вториот циклус на студии (додипломски и постдипломски студии) збирно, и ги исполнуваат другите услови во согласност со Законот за високото образование, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола и овој Конкурс.
- Кандидати кои магистрирале на соодветни студиски програми за постдипломски студии со коишто се стекнале со звање Магистер, пред воведувањето на ЕКТС и ги исполнуваат другите услови во согласност со Законот за високото образование, Правилникот за условите, критериумите и

правилата за запишување и студирање на трет циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола и овој Конкурс.

- Странски државјани, според условите утврдени со Законот за високото образование, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола и овој Конкурс.

**II.1 Дополнителни услови**

за **дополнителните критериуми за упис** на студиските програми од трет циклус на **Технички факултет, Битола**

Покрај основните услови дефинирани со Конкурсот на УКЛО, право за запишување на трет циклус (докторски студии) на Технички факултет, Битола имаат кандидатите кои ги исполнуваат и следните услови:
- Расположливост на ментор од областа за која апликантот се определил во своето мотивационо писмо. Ове се потврдува после извршено интервју и добиена писмена согласност од потенцијалниот ментор.
- Познавање на англиски (разбирање, зборување, пишување).
- Просечна оценка од прв циклус (додипломски) студии од најмалку 7,00 и просечна оценка од втор циклус студии од најмалку 8.00.

Право за запишување на студиската програма СООБРАЌАЈНО-ТРАНСПОРТНО ИНЖЕНЕРСТВО имаат:
- Лица кои дипломирале на прв циклус (додипломски студии) на сообраќаен факултет
- Лица кои дипломирале на прв циклус (додипломски студии) на Технички факултет, Градежен факултет или Машински факултет на студиска програма од сообраќај/ транспорт

Право за запишување на студиската програма МАШИНСТВО имаат лица кои дипломирале на прв циклус (додипломски студии) на машински факултет и/или други технички факултети.

Право на запишување на студиската програма ИНДУСТРИСКО ИНЖЕНЕСТВО И МЕНАЏМЕНТ имаат лица кои дипломирале на прв циклус (додипломски студии) на: индустриски менаџмент, индустриско инженерство и менаџмент, машински факултет и други технички факултети, факултети за информатика и математички факултети.

Покрај документите наведени во Конкурсот за упис на трет циклус на Универзитетот „Св. Климент Охридски“, Битола, кандидатите дополнително треба да достават:
- Доказ за познавање на англиски јазик

за **дополнителните критериуми за упис** на студиските програми од трет циклус на **Факултет за информатички и комуникациски технологии, Битола**

- Условите и критериумите за конкурирање и запишување на студенти на студиската програма Информатички науки и компјутерско инженерство и ИТ Менаџмент на Факултетот за информатички и комуникациски технологии – Битола

се согласно Конкурсот за запишување студенти на трет циклус – дикторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола во академската 2024/25година.

Право на конкурирање и запишување на студиската програма Информатички науки и компјутерско инженерство имаат кандидатите кои академските студии од втор циклус или последипломските студии ги стекнале во научните подрачја природно-математички науки или техничко-технолошки науки и се стекнале со 300 ЕКТС кредити од првиот и вториот циклус на студии збирно.

- Дополнително, право на конкурирање и запишување на студиската програма Информатички науки и компјутерско инженерство, имаат и кандидатите кои студиите од втор циклус или последипломските студии ги стекнале и во други научни подрачја освен научните подрачја природно-математички науки и техничко-технолошки науки и се стекнале со 300 ЕКТС кредити од првиот и вториот циклус на студии збирно, и кои имаат стекнато диплома за завршен прв циклус студии (или додипломски) академски студии од научните полиња информатика или компјутерска техника и информатика.

Право на конкурирање и запишување на студиската програма ИТ менаџмент имаат кандидатите кои академските студии од втор циклус или последипломските студии ги стекнале во било кое научно поле и се стекнале со 300 ЕКТС кредити од првиот и вториот циклус на студии збирно

за **дополнителните критериуми за упис** на студиските програми од трет циклус на **Технолошко-технички факултет, Велес**

- Познавање на англиски јазик (меѓународен стандардизиран сертификат)
- Повисок просек на оцените од прв и втор циклус студии
- Објавени научни и стручни трудови и публикации
- Документите за наведените дополнителни услови кандидатите ќе треба да ги доставaт истовремено со доставувањето на документите од задолжителните услови

за **дополнителните критериуми за упис** на студиските програми од трет циклус на **Економски факултет, Прилеп**

- познавање на англиски јазик односно еден од светските јазици (тестирање за оние кандидати кои немаат меѓународно признати сертификати)
- интервју со секој пријавен кандидат

Како соодветни студиски програми од втор циклус на студии за запишување на докторски студии на Економски факултет – Прилеп се студиските програми што спаѓаат во следниве научни полиња/области:
- Економски науки
- Организациски науки и управување
- Информатика
- Компјутерска техника и информатика
- Политички науки

- Правни науки
- Јавна управа и администрација
- Математика
- Социологија
- Туризам и угостителство
- Социјална работа и социјална политика
- Статистика
- Образование
- Индустриско инженерство и менаџмент
- Контрола на квалитетот
- Сообраќај и транспорт
- Животна средина
- Геологија и минерологија

за **дополнителните критериуми за упис** на студиските програми од трет циклус на **Педагошки факултет, Битола**

- познавањето на македонскиот јазик.
- познавањето на англиски јазик.
- Студентите кои се пријавуваат за запишување на докторски студии треба да достават важечки сертификат или диплома за познавање на македонскиот јазик.
- Студентите кои се пријавуваат за запишување на докторски студии треба да достават и меѓународно важечки сертификат или диплома (TOEFL, IELTS, CAMBRIDGE или некој друг) за познавање на англискиот јазик.
- Кандидатите се должни понапред наведените документи да ги достават при пријавувањето, односно со пријавата што ја поднесуваат по Конкурсот за запишување на трет циклус (докторски) студии.
- Доколку немаат такви документи должни се да полагаат на Педагошкиот факултет – Битола, бидејќи документи од други институции нема да се сметаат за важечки.
- постигнат успех во периодот на претходните студии.
- поседување на сертификати, награди.
- Како соодветни студиски програми од втор циклус за запишување на студентите, на трет циклус (докторски) студии на студиските програми на Универзитетот „Св.Климент Охридски“ – Битола во академската 2023/24 година и условите за упис на студентите се утврдуваат студиските програми од научните области во научните подрачја Општествени науки, Хуманистички науки, Природно - математички науки и други науки.

за **дополнителните критериуми за упис** на студиските програми од трет циклус на **Правен факултет, Кичево**

**-** Доставување документ за познавање на англиски јазик

Како соодветни студиски програми од втор циклус на студии за запишување на докторски студии на Правен факултет - Кичево, се студиските програми што спаѓаат во следниве научни полиња во научното подрачје - општествени науки, и тоа: правни науки, политички науки, економски науки, социолошки науки, безбедносни науки, филозофски науки, социјална работа и социјална политика,

организациони науки, царина и осигурување, историски науки и јавна и државна администрација согласно Класификацијата на научни полиња, области и дисциплини на истражување.

за **дополнителните критериуми за упис** на студиските програми од трет циклус на **Факултет за биотехнички науки, Битола**

Право на упис на трет циклус – докторски студии имаат кандидати кои завршиле компатибилни (соодветни) и сродни академски студии од втор циклус – последипломски студии и кои се пријавиле на конкурсот за запишување студенти во прва година на трет циклус – докторски студии на факултетот за биотехнички науки – Битола, за академската 2024/25 од акредитирани државни и приватни факултети од научните области:

- Биотехнички науки

- Факултет за биотехнички науки – компатибилен
Сродни – Земјоделски факултет – Факултет за земјоделски науки и храна
- Ветеринарен факултет – Факултет за ветеринарна медицина

- Техничко-технолошки науки

- Технолошки факултет – Прехранбени студии
- Технолошко-технички факултет
- Машински факултет

- Природно математички факултет

- Биологија – микробиологија
- Молекуларна биологија со генетика
- Биохемија и физиологија
- Екологија и биосистематика
- Применета хемија
- Аналитичка биохемија

- Медицински науки

- Магистерски студии од обласата на јавно здравје
- Фармација

## III. Спроведување на Конкурсот за запишување студенти на трет циклус студии

Кандидатите се пријавуваат на објавениот Конкурс со пополнување образец што е подготвен од страна на единицата/те кадешто се организира студиската програма.

Образецот и документацијата предвидена со Конкурсот, кандидатите ја доставуваат до единицата на Универзитетот којашто ги организира соодветните докторски студии, а странските студенти ги доставуваат до Ректоратот на Универзитетот.

Кандидатите кои ги исполнуваат условите на Конкурсот и завршиле соодветни академски студии од втор циклус, односно последипломски студии, се запишуваат на соодветните докторски студии за што одлучува Советот за докторски студии на единицата на Универзитетот.

Заедно со објавувањето на Конкурсот пред секој уписен рок единицата објавува и листа на акредитирани слободни ментори за секоја студиска програма посебно со забелешка за бројот на кандидати за кои професорот според Законот за високото образование има можност да ги менторира. Листата на акредитирани слободни ментори за секоја студиска програма ја изготвува Советот на докторски студии на единицата што ги организира студиите.

По истекот на роковите за пријавување, Советот на докторските студии на Единицата на Универзитетот за секоја студиска програма формира Комисија, којашто е должна да спроведе интервју со секој од пријавените кандидати за кои Советот констатирал дека поседуваат комплетна документација според Конкурсот и да ја оцени нивната подобност врз основа на поднесената документација и презентацијата на предлог областа на истражувањето поднесено од кандидатот. Комисијата може да дефинира и дополнителни критериуми врз основа на коишто ќе ги заснова препораките.

Врз основа на поднесената документација и спроведеното интервју, Комисијата дава позитивна препорака за упис или не дава препорака, при што бројот на позитивни препораки не смее да го надминува бројот на слободни места според Конкурсот.

Советот изготвува прелиминарна листа за секоја студиска програма посебно со кандидати за кои е дадена позитивна препорака. Во прелиминарната листа за секој кандидат се наведува и името на менторот кој дал согласност. Во посебни листи се наведуваат и евентуалните кандидати за кои Комисијата не дала позитивна препорака, како и кандидатите кои не ги исполнуваат условите за запишување на докторски студии.

Листите се објавуваат на огласната табла и интернет страната на единицата што ги организира студиите.

Кандидатот кој смета дека постапката не е правилно спроведена, има право на приговор до Деканатската управа/Научниот совет на Единицата на УКЛО што ги организира докторските студии, во рок од 24 часа од денот на објавувањето на прелиминарната листа. Одлука по приговорот треба да се донесе 6 најдоцна во рок од 3 работни денови од поднесувањето на приговорот и таа одлука е конечна.

По завршувањето на постапката по приговорите, Советот на докторски студии на Единицата на Универзитетот, носи одлука за запишување на студентите на докторските студии и истата се објавува на огласната табла и веб страната на Единицата. Одлуката за запишување на примените кандидати е конечна. Со запишувањето на докторските студии студентот се стекнува со статус *студент на докторски студии*.

Докторските студии траат три години (шест семестри) и притоа се остваруваат 180 европски кредити, односно 60 кредити во текот на една академска година.

Студентите запишани на докторските студии студираат во согласност со условите, критериумите и правилата содржани во Правилникот за условите, критериумите и

правилата за запишување и студирање на трет циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

Износот на школарината е изразен во евра, а се пресметува и плаќа во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на РСМ на денот на плаќањето. Школарината се плаќа на 6 еднакви рати на почетокот на секој семестар.

Кандидатите за докторски студии плаќаат износ за школарина определен во овој Конкурс, а Единицата може да определи и износ за пријави за испити и вониспитни активности и износ за пријава, оценка и одбрана на докторскиот труд, кој се внесува во договорот за студирање.

Сите други наставно-научни, правно-административни и финансиски аспекти поврзани со реализацијата на студиските програми од трет циклус се регулирани со Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола.

## IV. Рокови за пријавување и запишување на кандидатите

| | **Пријавување** | **Запишување** |
|---|---|---|
| Прв уписен рок | **24.09.2024-04.10.2024** | **28.10.2024-29.10.2024** |
| Втор уписен рок | **30.10.2024-08.11.2024** | **28.11.2024-29.11.2024** |

**V.** По потреба, Универзитетот ќе донесе одлуки за Дополнување на Конкурсот за запишување студенти на трет циклус – докторски студии на студиските програми на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола во академската 2023/2024 година, како и за спроведување дополнителен уписен рок.

## VI. Документи за пријавување

При пријавувањето кандидатите поднесуваат:

- Пополнет пријавен лист чијшто образец е подготвен од страна на единицата каде што се организира студиската програма
- Мотивациско писмо за запишување на студиската програма
- Кратка биографија со вкупните постигнувања на кандидатот
- Потенцијална област на истражување и кратко образложение во коешто се дефинирани предметот и целите на потенцијалната област на истражување
- Предлог за ментор од листата на објавени слободни акредитирани ментори на студиската програма со кој кандидатот преходно стапил во контакт, се консултирал за областа на истражување и од кој добил прелиминарна согласност
- Диплома/уверение за завршен втор циклус студии, односно постдипломски студии (кандидатите кои завршиле во странство доставуваат нострифицирана странска Диплома) – оригинални документи или заверена фотокопија од истите

- Диплома/уверение за завршен прв циклус студии, односно додипломски студии (кандидатите кои завршиле во странство доставуваат нострифицирана странска Диплома) – оригинални документи или заверена фотокопија од истите
- Уверение за државјанство
- Извод од матичната книга на родените
- Други документи по барање на единицата.

## VII. Документи за запишување

При запишувањето, примените кандидати поднесуваат и:

- Индекс и пријавни листови
- 2 фотографии (3,5 x 4,5 на бела позадина)
- Потврда за уплатена школарина за првиот семестар

**Забелешка:**
**Подетални информации за условите за запишување на секоја од понудените студиски програми и за содржината и начинот на реализирање на третиот циклус на студии, кандидатите може да добијат на веб страницата на Универзитетот или на веб страниците на соодветните високообразовни единици во состав на Универзитетот „Св. Климент Охридски“- Битола.**

**www.uklo.edu.mk**